Врз основа на член 26 став (4) и член 27 став (6) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10 и 135/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на образецот на барањето за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на уверение за ревизор

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на уверение за ревизор.

### Член 2

Барањето за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор се поднесува на образец - „Барање за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Барањето за издавање на уверение за ревизор се поднесува на образец - „Барање за издавање на уверение за ревизор", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12- 36853
11 ноември 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПРИЛОГ 1

**ДО ПИСАРНИЦАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

БАРАЊЕ
за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор

Од______________________________________________________________
(подносител на барањето)

_________________________________________________________________
(седиште на подносителот на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам Институтот на овластени ревизори на Република Македонија да ми дозволи да полагам испит за стекнување на звањето ревизор согласно член 26 став (1) од Законот за ревизија.

Кон барањето поднесувам:

1) Доказ за завршено високо образование од областа на економските, правните науки или друго соодветно образование;
2) Доказ за познавање на македонскиот јазик;
3)Доказ за неосудуваност со правосилна судска пресуда во врска со работењето и
4) Доказ за неизречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

____________________ ____________________________

**ПРИЛОГ 2**

**ДО ПИСАРНИЦАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА
ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

БАРАЊЕ
за издавање на уверение за ревизор

Од__________________________________________________
(подносител на барањето)

__________________________________________________
(седиште на подносителот на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам претседателот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија во рокот утврден во член 27 став (7) (пет работни дена) од Законот за ревизија да постапи по барањето за издавање на уверение за ревизор.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

____________________ __________________________